УЖВМ-2.бр.6/2020

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот и судиите Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз од Скопје, изјавена против Решението на Управниот суд У-5.бр.1938/2019 од 11.12.2019 година година, за времена мерка, на седницата одржана на ден 28.01.2020 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.1938/2019 од 11.12.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-5.бр.1938/2019 од 11.12.2019 година барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз од Скопје Управниот суд да донесе решение за времена мерка со која ќе се одложи од извршување Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции и Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, до донесување на одлука од страна на Управниот суд, како и одлагање на извршување на Договор за градење бр.10-1470/1 од 14.10.2019 година, се до завршување на постапката по тужба пред Управниот суд, го одбил како неосновано.

Незадоволен од решението на Управниот суд жалба изјави тужителот поради сторена суштествена повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, оспореното решение да се преиначи како е предложено во петитумот на предлогот за издавање времена мерка или жалбата да се уважи, решението на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд.

Одговор на жалба е поднесен од тужениот орган со предлог жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи го побиваното решение во смисла на член 354 во врска со член 371 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Од списите по предметот видно е дека Управниот суд од увид во списите по предметот утврдил дека Државната комисија за жалби по јавни набавки донела Решение набавки бр.08-671/7 од 09.10.2019 година со кое жалбата на Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз од Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година, која била донесена по Оглас за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.05/2019 година за набавка на работи - изградба на градежно - занатски работи во КПД Идризово, Општина Гази Баба, Скопје на договорниот орган Министерство за правда - Управа за извршување на санкции.

Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз од Скопје незадоволен од вака донесеното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки набавки бр.08-671/7 од 09.10.2019 година поднело тужба до Управниот суд барајќи судот тужбата да ја уважи и оспореното решение да го поништи. Дополнително со поднесок од 03.12.2019 година тужителот истакнал и посебно барање за определување времена мерка на начин наведен во изреката на побиваното решение, заведено под У-5. Бр.1938/2019, во кое навел дека по донесување на оспореното решение, Управата за извршување на санкции ја извршува одлуката за избор на најповолна понуда и на ден 14.10.2019 година склучува договор за јавна набавка на работи- изградба на градежно-занатски работи во КПД Идризово, Општина Гази Баба, со Трговското друштво за производство, трговија и услуги ИНСТАЛАЦИЈА увоз-извоз Исмаил ДООЕЛ од село Д.Дол, Зајас. Со наведеното смета дека е очигледна повредата на јавниот интерес, дека избраната понуда не била најповолна, односно најевтина, како и дека со елиминацијата на тужителот се предизвикуваат штетни последици по него и се доведува во состојба да отпушти поголем број на вработени, поради што смета дека се исполнети условите за издавање времена мерка согласно членот 14 и 15 од Законот за управните спорови, односно ќе настанат штетни последици кои тужителот тешко би можел да ги поправи, дека истото не е спротивно на јавниот интерес, ниту со истото би се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната страна.

Управниот суд постапувајќи по барањето за определување времена мерка донел Решение У-5.бр.1938/2019 од 11.12.2019 година со кое

предлогот го одбил како неоснован. Управниот суд во образложението на решението навел како смета дека не се исполнети условите од член 14 и 15 став 1 од Законот за управните спорови за да биде донесена предложената времена мерка, односно тужителот со ниту еден доказ не сторил веројатно дека донесувањето на времената мерка не би била спротивна на јавниот интерес, како и дека со извршувањето на оспорениот акт ќе му се нанесе ненадоместлива штета која тешко ќе може да се поправи.

Вишиот управен суд најде дека побиваното решение на Управниот суд е правилно и законито.

Согласно член 14 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10) тужбата по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена. По барање на тужителот кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, органот чиј акт се извршува може да го одложи извршувањето, надлежниот орган е должен да донесе решение најдоцна во рок од 3 дена од приемот на барањето и може и од други причини да го одложи извршувањето на оспорениот акт до конечната судска одлука, ако тоа го дозволува јавниот интерес.

Според член 15 став 1 од истиот закон, ако надлежниот орган што го донел управниот акт пристапи кон извршување на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт. Тужителот може да бара донесување на времена мерка и за времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос ако тоа уредување, пред се, кај правните односи кои траат се покаже за потребно за да се избегнат потешки штетни последици или насилство што се заканува.

Имено, во конкретниов случај се работи за предлог за издавање времена мерка со кој тужителот бара судот да го одложи од извршување Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции и Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, до донесување на одлука од страна на Управниот суд, како и одлагање на извршување на Договор за градење бр.10-1470/1 од 14.10.2019 година, се до завршување на постапката по тужба пред Управниот суд. При одлучувањето по барањето за времена мерка, Управниот суд ја имал во предвид како веројатноста за настапување на штета за тужителот, така и веројатноста за настапување на штета за спротивната страна и заштитата на јавниот интерес.

Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека тужителот не ја оправдал ниту ја докажал основаноста на барањето за определување на времена мерка, Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата најде дека

Управниот суд донел правилна одлука кога барањето го одбил како неосновано. Во образложението на решението судот се повикал на цитираните законски одредби од Законот за управните спорови и оценил дека во барањето за издавање на времена мерка и прилозите кон истото, тужителот не навел факти ниту пак приложил докази од кои би можело да се утврди дека доколку мерката не биле донесена би настанала штета на страна на тужителот која тешко би можела да се поправи, дека донесувањето на времената мерка не е спротивно на јавниот интерес и дека со донесувањето на истата нема да се нанесе поголема ненадоместлива штета на спротивната страна.

Предвид на наведеното, согласно член 370 став 1 точка 2 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови, судот одлучи како во изреката на решението.

Решено во Виш управен суд на ден 28.01.2020 година под УЖВМ-2.бр.6/2020

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевскас.р.

Претседател на совет – Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/МА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
IV
GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE
SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник